**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-564/6**

**Скопје, 05.12.2006 година**

**ДО**
**ДИРЕКТОРОТ НА БИРОТО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја – сметка за редовно работење за 2005 година кои се прикажани на страните од 12 до 14 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Љубомир Јанев, Директор во Бирото за стопански недоволно развиени подрачја од 01.01.2005 до 18.04.2005 година
   - Миле Андонов, Директор во Бирото за стопански недоволно развиени подрачја од 05.05.2005 до 31.12.2005 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 11, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 28.08.2006 до 19.09.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 07–1070/5 од 17.11.2006 година примени се забелешки по Предходниот извештај на сметката за редовно работење на овластениот државен ревизор, од одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- забелешките на наодите од точка 10.1.1.;10.1.2.;10.1.7. и 10.4.1. пасос 3 и пасос 4 не се прифаќаат.

- забелешките на наодот од точка 10.4. - 2. Обучување на кадри пасос 1 делумно се прифаќаат.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на акти**

11.1.1. Спротивно на член 18 од Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја, за објектите во чија изградба Бирото за недоволно развиените подрачја учествува со над 50 % од пресметковната вредност, Бирото не врши стручен надзор над градбата на објектите туку само теренски увид над состојбата на инвестицијата. Ова е од причина што Бирото се среќава со ограничени ресурси (финансиски и кадровски), така што малиот број на вработени стручни лица не можат да обезбедат целосно реализирање на задачите и обврските доделени на Бирото согласно Законот. Неможноста за спроведување надзор над градбата создава можности или за делумна реализација на проектот или за неквалитетна изведба кое од друга страна го доведува во прашање наменското користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

**Препорака:**

Одговорните лица во Бирото за стопански недоволно развиените подрачја да преземат активности за операционализација на законските надлежности во делот на надзорот на објектите во чие финасирање учествуваат.

11.1.2. Средствата кои се наменети за регресирање на дел од каматите по користени кредити за реализација на инвестициони проекти од стопанството се доделуваат без при тоа да бидат задоволени критериумите согласно точките 2 и 3 од Упатството за начинот и постапката за остварување на правото на регрес на дел од камата по користени кредити, за реализација на инвестициони проекти во стопанството во стопански недоволно развиените подрачја, односно без да има обезбедено инвестициона програма. Доделување на средства за регрес без обезбедена предходно позитивно оценета инвестициона програма за кредитот, создава можности за користење на средствата спротивно на целите и задачите предвидени со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја и создава можност за погрешно насочување и ненаменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

**Препорака:**

Одговорните лица во Бирото за неразвиени подрачја да обезбедат доследно почитување на законската норматива со цел постигнување на целите и задачите на Бирото согласно Законот.

11.1.3. Спротивно на точка 6 од Упатството за начинот и постапката за остварување на правото на регрес на дел од камата по користени кредити за реализација на инвестициони проекти во стопанството во стопански недоволно развиените подрачја, дел од исплатените регреси се извршени порано од рокот утврден во каматните листи или од датумот на доспевање наведен во амортизациониот план изготвен од кредитодавателот. На тој начин ограничените средства со кои располага Бирото не се користат ефективно (платени се камати за 2006 година во 2005 година), со што се намалуваат средствата за исплата на проекти кои се реализираат во 2005 година. (Прилог бр.1)

**Препорака:**

Одговорните лица во Бирото при менаџирањето со расположивите средства да обезбедат доследно почитување на законската регулатива а се со цел за економично и ефикасно работење.

11.1.4. При исплатата на средства по основ право на премија за новоотворени производни работни места, службите на Бирото не постапуваат согласно член 6 од Упатството за постапката за оставрување на правото на премија за новоотворени производни работни места во специфичните подрачја, при што не ги утврдуваат настаните промени (заминати од работа, новопримени лица) и не обезбедуваат договори за работа со новопримените лица.

Непочитувањето на актите создава можности за грешки во исплатата на средствата како и за ненаменско користење на истите.

**Препорака:**

Службите на Бирото да обезбедат доследна примена на актите во однос на наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

11.1.5. Бирото за развој на стопански недоволно развиени подрачја нема донесено пишани процедури за операционализација на член 3 од Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја за реализација на инфраструктурни проекти од стопанството и нестопанството. Непостоењето на пишани процедури придонесува да по исплатата на средствата што ги одобрува, Бирото нема сознанија дали објектите кои ги финансира се целосно завршени или не, дали се користат или не.

Ефект од ова е трошење на државни средства (166,355 илјади денари во 2005 година), за изградба на инфраструктурни објекти за кои никој не превзема одговорност дали финансиската конструкција е затворена и дали ќе се обезбедат средства за ефектуирање и ставање во употреба на истите.

**Препорака:**

Да се донесат пишани процедури во однос на точно дефинирање на документацијата која треба да ја доставaт корисниците на средствата согласно член 3 од Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

11.1.6. На ден 01.06.2005 година од страна на директорот на Бирото донесено е решение за лимитирање на трошоците по основ на користење на службени мобилни телефони кои ги користат раководителите на оделенијата и секторите. Во решението нема утврдено лимит за директорот, што во неодостиг на одлука од Влада или од функционерот на ресорното Министерство во чиј состав функционира Бирото, создава можности за нелимитирани трошоци и зголемени расходи по овој основ.

**Препорака:**

Раководното лице да изврши измени на решението за утврдување на висината на надоместокот за користење на службени мобилни телефони.

11.1.7. Како корисници на средствата кои ги одобрува Бирото се јавуваат Месните Заедници кое е спротивно на одредбите од член 103 од Законот за локална самоуправа. Месните заедници согласно членовите 82 и 86 од Законот за локална самоуправа може да вршат делегирани надлежности утврдени со Статутот на општината. Поради отсуство на контрола на наменското користење на средствата кај месните заедници како и поради фактот што месните заедници немаат извори за финансирање на проектите, незатворена финансика конструкција и слично придонесува да реализирањето на проектите е доведено во прашање. Непочитувањето на законските одредби придонесува до појава на незаконско и ненаменско користење на јавните средства, не ефектуирање на одредени инвестиции кај месните заедници и до судски постапки.

**Препорака:**

Барањата на месните заедници да бидат релизирани преку сметките на единиците на локална самоупрва под чија територијална надлежност припаѓаат.

**11. 2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, набавката на ситен инвентар и канцелариските материјал и нивното издавање во употреба не се искажуваат како промени на сметките за Залихи и Извори на капиталните средства во сметководствената евиденција на Бирото. За извршениот попис на ситниот инвентар, пописната Комисија нема изготвено извештај што е спротивно на Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Како резултат на непочитување на законските одредби, Бирото не е во можност да изврши усогласување на фактичката со книговодствената состојба на Залихите и нивните Извори со што се создава можност за изготвување на нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Да се изгради сметководствена политика и да се воведе евиденција на ситниот инвентар и неговото давање во употреба согласно постојната законска регулатива.

## 11.3. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.3.1. Ревизијата не се убеди во реалноста и објективноста на искажаните расходи на ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт во износ од 80 илјади денари, а кои се однесуваат на потрошокот на горива и масла. Ова е од следниве причини:

- не се користи налог за користење на службените моторни возила со што се губи можноста за увид и следење на состојбата на потрошеното гориво со поминатите километри;
- набавката на гориво се врши преку верна картички од кои не може да се добијат податоци дали набавката е извршена во денови кога се реализирани службените патувања според патните налози;
- директорот без одобрение од официјален орган го користи службеното возило за патување од и до работното место што е спротивно на Законот за извршување на буџетот, истиот е корисник на надомест за одвоен живот;
- од благајната исплатени се средства на директорот по основ на приложени сметки за патарина на релација Скопје – Кочани. Од увидот во документацијата, ревизијата не наиде на патни налози кои гласат на директорот, а за патување на посочената дестинација.

Непостоењето на интерни акти и пишани процедури придонесува за ненаменско користење на средствата и зголемени трошоци кои претставуваат државни расходи.

**Препорака:**
Раководното лице да донесе пишани процедури со кои ќе се утврдат начинот и, потребите на набавка на гориво и користење на службените возила како и начинот на отчетност за намеското користење на средствата.

## 11.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.4.1. Во однос на наменското и законското користење на средствата кои Бирото ги одобрува како неповратно учество согласно одобрената годишна програма за работа на Бирото, ревизијата ги утврди следниве неправилности:

1. **Регрес на дел од каматите по користени кредити од земјата и странство**

   - Во текот на 2005 година исплатени се 28 илјади денари на име регреси на камати за користени кредити за обртни средства, што е спротивно на член 7 од Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја. Регресирање на каматите се врши на користените кредити од земјата и странство за реализација на инвестициони проекти од стопанството за изградба на нови и за реконструкција, модернизација, проширување и изградба на постојни капацитети. Неспроведувањето на подзаконските акти придонесува за

периодот од 2003 до 2005 година незаконски да се исплатени 284 илјади денари ( Прилог бр.2);

- Кај регресирањето на каматите постапено е спротивно на Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја и регресирани се камати во износ од 791 илјади денари незаконски и ненаменски и тоа:

❖ По три кредитни транши (секоја по 150.000 евра), а кои се однесуваат за ист проект одобрено е регресирање на камата со три посебни одлуки за ист субјект. Поради недоставена инвестициона програма од барателот на регресот, а од увидот во договорите за намената на кредитите склучени со Комерцијална банка АД Скопје, ревизијата не се убеди во оправданоста и законитоста на одобрените регреси со Одлуките број 09-1378/2 и 09-1379/2 од 19.12.2005 година. До периодот на спроведување на ревизијата во 2006 година , по основ на овие Одлуки исплатени се 276 илјади денари со обврска за тромесечно регресирање до 2009, односно до 2011 година.

❖ Со Одлука број 09-872/2 од15.07.2005, одобрен е регрес на камата за набавка на машини и опрема за лупење ориз . Од извршениот увид на терен, согласно член 11-б од Законот за Државна ревизија, фирмата корисник на кредитот не беше достапна за контакт, на посочената локација резвизијата утврди затворени објекти без никакви производни активности за која состојба потврдија и неколку локални мештани, поради што не можеше да се убеди во оправданоста на донесената одлука. Во текот на 2005 година по оваа одлука исплатени се 95 илјади денари, со обврска за исплата на регрес до крајот на 2006 година.

❖ Одобрен е регрес на дел од каматите за користен кредит за набавка на земјоделска механизација за лозови насади во село Страгово, општина Кавадарци. Од увидот во евиденцијата на корисникот на регресот, ревизијата констатира дека корисникот до Бирото доставува уплатници за платената камата, но не и за главницата согласно договорениот амортизационен план, поради што исплатените регреси кредитодавателот ги користи за наплата на ненавремено платената главница. Поради непостоење на интерни акти во однос на потребната документација за исплата на регресот, постои можност за ненаменско користење на средствата кои ги одобрува Бирото.

❖ Спротивно на Одлуката за утврдување на стопански недоволно развиените подрачја во РМ во периодот 1998-2002 година, наместо за инвестиционите проекти во с. Чешиново како рурално подрачје да се регресира 50% од каматите, со споменатата одлука од 2002 година одобрен е регрес од 60%. Со донесената одлука спротивно на споменатите законски акти, во периодот на регресирање од 2003-2005 година, исплатени се 420 илјади денари повеќе средства од законски утврдените, што значи незаконско користење на средствата кои претставуваат државни расходи. (Прилог бр.3)

**Препорака:**

- Раководните лица да ги испитаат оправданоста и законитоста на донесените Одлуки, да се превземат мерки за ограничување на средствата и нивно насочување кон регресот одобрен со одлука 09-506/2 од 6.09.2005 година.
- Одговорните лица да извршат увид на наменското користење на средствата одобрени со Одлуката број 09-872/2 од15.07.2005, и превземат мерки согласно член 19 од Одлуката за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја.
- Да се донесат интерни акти за операционализација на Упатството за остварување на правото на регрес на дел од камата по користени кредити за реализација на инвестициони проекти во стопанството во стопански недоволно развиени подрачја.

## 2. Обучување на кадри

Во текот на 2005 година од страна на Бирото донесени се две Одлуки за доделување на средства за обука на кадри и тоа:

- За износ од 3,162 илјади денари за обука на 30 лица за потребите на погон во с. Облешево општина Кочани. На денот на увидот, во погонот во с. Облешево беа присутни 17 лица од кои ниту едно од нив не било опфатено со програмата за обука. Од увидот во персоналните досијеа на лицата опфатени со обуката, 12 лица не се во работен однос, а остатокот се ангажирани во погоните во Кочани. Вака искористените средства не придонесуваат за зголемување на вработеноста во н.м. Облешево и е спротивно на целите и задачите од Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно равиените подрачја. Од презентираните документи за трошоци за преквалификација може да се види дека се работи за работни налози за редовно производство. Од страна на претставници на Бирото, извршен е увид во погонот, но само е констатирана бројната состојба на вкупно вработените лица и производната активност на субјектот.

- За одобрен износ од 2,977 илјади денари за обука на 27 лица за потребите на погон во с.Луковица општина Македонска Каменица. Од извршениот увид на персоналните досијеа на вработените лица во погонот во с.Луковица кои биле опфатени со програмата за преквалификација и вработени од 1 јануари 2005 година, со 7 од нив без прекин на стаж во текот на 2003 и 2004 година повеќе пати склучувани се договри за работен однос на определено работно време( 3 месеци), и поголем број од курсистите се потпишани на платните списоци за примена плата во текот на 2004 година. Ова говори дека лицата работат подолго време, оспособени се за работа и примаат редовна плата а средствата се искористени спротивно на целите и задачите од Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно равиените подрачја. За извршените обуки на ревизијата не и беше презентиран доказ за направените трошоци согласно програмата за преквалификација како и уверенија или дипломи за лицата кои се преквалификувани. Од страна на претставници на Бирото, извршен е увид во погонот, но само е констатирана

бројната состојба на вкупно вработените лица и производната активност на субјектот.

Поради непостоење на подзаконски акти за утврдување на фактичката состојба кај потенцијалните корисници на овој вид средства, конкретни критериуми и докази што треба да бидат исполнети, контролни постапки, средствата доделени од Бирото по овој основ се незаконски и ненаменски искористени.(Прилог бр.4)

**Препорака:**

Да се донесат интерни акти со јасно дефинирани постапки за последователни контроли кај корисниците со цел наменско користење на овие средства.

## 11.5. Системски слабости

11.5.1. Не е извршено усогласување на законските и подзаконските акти кои го регулираат работењето на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја (Закон за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиени подрачја од 1994 и измени во 1999 година, Одлука за критериумите, висината, условите и начинот на користење на средствата за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиени подрачја од 1999 година, Упатство за постапката за остварување на правото на премија за новоотворени производни работни места во специфични подрачја, Упатство за начинот и постапката за остварување на правото на регрес на дел од камата по користени кредити за реализација на инвестициони проекти во стопанството во стопански недоволно развиените подрачја од 1994 година).

Термините, критериумите, постапките за доделување на средства кои се користат и се спроведуваат во Бирото не се во склад со условите наметнати од промените како во политичката и економската сфера на работењето, така и од функционалната промена на институциите на системот. Неусогласеноста на терминологијата, недоволно дефинираните критериуми, постапки за избор, создаваат можности за индивидуално одлучување и доделување на средства по разни основи, различно толкување на законските и подзаконските акти, што севкупно придонесува за ненаменско и незаконско коирстење на средствата кои претставуваат државни расходи.

**Препорака:**

- во соработка со Министерството за локална самоуправа да се пристапи кон измени на законските и подзаконските актите кои го дефинираат работењето на Бирото во склад со настаните промените;
- да се утврдат нови критериуми во однос на категориите, корисниците и условите, намените за кои Бирото доделува средства, согласно ефектите од приватизацијата во РМ,
- да се донесат нови упатства, правилници, и други потребни интерни акти кои правилно ќе ги утврдат документите, контролните процедури пред издавање на одлуки и решенија за доделување на средства, како и начинот за последователно спорведни контроли на наменското користење на средствата.

11.5.2. Спротивно на член 10 од Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиени подрачја, средствата кои Владата на РМ ги одобрува на Бирото за реализирање на годишната програма за 2005 година не се во висина од 1% од бруто домашниот производ на земјата. Намалените средства за работа го ограничуваат Биротото во реализација на целите и задачите предвидени со претходно споменатиот закон.

11.5.3. Годишната програма на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја која ги содржи планираните износи на средствата што во текот на годината ќе ги реализира Бирото, како и намената за кои ќе бидат насочени, по усвојувањето од Владата на РМ не се обелоденуваат на транспарентен начин. Необјавувањето на годишната програма на Бирото придонесува за нетранспарентност во работењето на Бирото, слабо информирање на јавноста во однос на можноста, критериумите и начините на оставрување на правото на користење на средствата со кои располага Бирото.

**Препорака:**

Да се предвиди законска обврска за годишно објавување на програмата, корисниците, начините, критериумите, условите и обемот на средствата од годишната програма на Бирото.

11.5.4. За изградба на капитални објекти од инфраструктурата, единиците на локална самоуправа се барачели на средства во разни владини институции (Фонд за магистрални и регионални патишта, Министерство за транспорт и врски, Биро за недоволно развиени подрачја, странски донации и др.). Прифатена е пракса да Бирото за недоволно развиени подрачја, по издавање на решенија за одобрување на средствата и доставени ситуации за изградба на објектите, директно преку договори за цесии и асигнации врши исплата кон изведувачите. Како ефект од ваквиот начин на работење, кај единиците на локалната самоуправа се нарушува принципот на парично искажување на промените во сметководството и придонесува да капиталните објекти не се евидентираат ниту како инвестиции во тек, ниту подоцна како капитални средства што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. На овој начин се нема увид во сопственоста над објектите со кои раполага општината, со степенот на нивната употребливост, нивното функционирање како и натамошното одржување на објектите.

**Препорака:**

- Надлежните служби на Бирото за недоволно развиени подрачја да не ги практикуваат формите на цесии и асигнации
- Да се залагаат за евидентирање на инвестициите во тек кај инвеститорот.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1., до 11.5. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја под 31 декември 2005 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1., 11.2., 11.4, и 11.5. кај Бирото за стопански недоволно развиени подрачја не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека Бирото за стопански недоволно развиените подрачја во однос на судските спорови што ги води е тужена странка и тоа:

- од ДПГТУ „Белешков-инженеринг“ од Крива Паланка – за извршен стручен надзор за обврски во износ од 45 илјади денари;

- од „Да-Та 95 "ДООЕЛ од Скопје – за извршено реновирање на канцеларија за обврски во износ од 157 илјади денари;
- од „Елмот Боби "ДООЕЛ од Скопје - за извршено реновирање на канцеларија за обврски во износ од 145 илјади денари;
- Васил Гаврилов, екс-директор за неисплатена апанажа побарување во износ од 460 илјади денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на Бирото за стопански недоволно развиените подрачја за годината која завршува со 31 Декември 2005 година.

15. Ревизијата смета за потребно да ги обелодени следниве судски решенија:

15.1. Со судско извршно решение СИ.бр.3997/03 од 28.03.2005 година донесено од Основен суд Скопје 1 Скопје, наплатен е износ од 6,478 илјади денари и тоа:
- 1,968 илјади денари главен долг
- 4,345 илјади денари затезна камата
- 165 илјади денари парнични трошоци, затезна камата од паринични трошоци и трошоци за извршување.

Основот за судското решение е договор за градба од 12.06.1996 година што Месна заедница Печково – Гостивар го има склучено со ПТП „Униградба„ од Скопје за изградба на локален пат , а за што Бирото од вкупно потребните 9,841 илјади денари има одобрено средства од 4,030 илјади денари.
Поради неизвршување на задачите во роковите договорени со изведувачот, МЗ Печково го раскинува договорот со „Униградба„ и склучува нов договор со ГП „Гранит„, кој го изградил патот и ги има добиено средствата од Бирото во 1997 година.
Придржувајќи се само до одредбите од договорот, без да се даде материјално значење на времената ситуација која изведувачот ја приложува како доказ каде нема опис и квантификација на извршените работи, каде вредноста е утврдена во износ од 20% од вкупната вредност на работите, а не од средствата што ги обезбедува Бирото, без доставен градежен дневник за потврдување на работите, Судот одлучил во корист на „Униградба„, а на штета на Бирото. Судот констатирал дека тужениот иако уредно повикан, не присуствувал на повеќе расправи.
Ова е од причина што МЗ превзеле обврски кои не можеле да ги исполнат: не обезбедиле средства за остатокот од инвестицијата, не ангажирале стручен надзор (претставник од МЗ е потпишан како надзор), самостојно одлучиле за раскинување на договорот, а правните последици ги сноси Бирото.

15.2. Со судско СИ бр.96/06 , наплатен е износ од 8.687 илјади денари и тоа:
- главен долг во износ од 4.150 илјади денари
- затезна камата 4.379 илјади денари , и
- трошоци на постапка од 158 илјади денари

Основот е донесената Одлука број 08 – 528/2 од 08.05.2001 година од Министерот за локална самоуправа за учество на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја во финансирање на изградбата на локален водовод во М.З. Црвевци, со која се задолжува Директорот да ја спроведе согласно расположивите средства.
За изградбата на локалниот водовод во н.м.Црвевци Кичево склучен е договор за градба помеѓу нарачателот М.З. Црвевци и „Заводот за испитување на материјали„ Скопје на износ од 14.690 илјади денари со кој договор плаќањето е регулирано како аванс 100% а рокот за извршување на работите е 30.05.1997 година. Месната

заедница Црвевци има поднесено барање за добивање на средства за доградба на водовод во 1997 година кое е некомплетно, кое барање го докомплетира во 1998 година но поради немање на средства не е одобрено. Од 01.07.1999 година го губи статусот на недоволно развиено подрачје . Во 2001 година повторно е активирано барањето и е донесена Одлука од Министерот со која на Бирото му е дадена согласност да одобри 4.150 илјади денари. Бидејќи Бирото се среќава со недостиг на средства а се работи за објект кој е реализиран и ставен во употреба, тогашниот директор на Бирото не донесува Решение за одобрување на средства за водоводот во Црвевци. Бирото исто така нема ниту потпишано договор за цесија со М.З. Црвевци и изведувачот и Заводот за испитување на материјали Скопје.
На 24.12.2003 година до Основен суд Скопје 1 е поднесено тужба од страна на изведувачот Заводот за испитување на материјали Скопје против Биро за стопански недоволно развиени подрачја како прво тужен и Месна заедница Црвевци како второ тужен . Во судската постапка се додека предметот е дојден до Апелациониот суд како повисока истанца од Основниот суд застапувањето кај Бирото е самостојно а почнувајќи од 07.06.2005 година со писмо Јавното правобранителство бара дали е во интерес на Бирото истото да ги одобри или не дејствијата кои ги има Бирото преземено во оваа постапка, за кое добива согласност од Бирото и понатамошните дејствија се преку Јавното правобранителство. Во понатамошниот тек на постапката добиен е предлог за извршување врз основа на правосилна и извршна пресуда односно СИ бр.96/06 кој не е обжален и станало правосилно и извршно. По кое извршно решение е блокирана сметката на Бирото и се наплатени средствата.

16. Во врска со превземените мерки по препораките во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја за 2002 година, ревизијата го утврди следното:

- превземени се мерки и постапено е по препораките на ревизијата за точките 9.2, 9.7, 9.12, 9.17, 9.18, 9.19;
- по наодите во точките 9.3, 9.4, 9.6, не се превземени мерки од причина што наодите се од системски карактер и се однесуваат на активностите на Министерството за финансии.

Скопје, 21.11.2006 година — Овластен државен ревизор

**БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА -СКОПЈЕ**

**Средства од буџетот на РМ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 ден**

| Опис | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 209,232 | 231,026 |
| **Вкупно приходи** | | **209,232** | **231,026** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 3,560 | 2,673 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 540 | 475 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,100** | **3,148** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 205,132 | 227,878 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **205,132** | **227,878** |
| **Вкупно расходи** | | **209,232** | **231,026** |

**БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА -СКОПЈЕ**

**Средства од буџетот на РМ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 ден**

| Опис | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.1. | 570 | 1,031 |
| **Вкупно постојани средства** | | **570** | **1,031** |
| **Вкупна актива** | | **570** | **1,031** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.1. | 570 | 1,031 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **570** | **1,031** |
| **Вкупна пасива** | | **570** | **1,031** |

**БИРО ЗА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИ ПОДРАЧЈА -СКОПЈЕ**
**Средства од буџетот на РМ**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **1,031** | **-** | **1,031** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **461** | **-** | **461** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 461 | | **461** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **570** | **-** | **570** |